Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

# ЗАПИСНИК

## од Петта седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 27.12.2018 година

Скопје, февруари 2019 година


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

# ЗАПИСНИК

од Петтата седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 27.12.2018 година

Седницата започна во 12:00 часот.

Со седницата претседаваше координаторката на Интер ресорска група, Јована Тренчевска .

На седницата присуствуваа: Славица Михајловска - член од МЗШВ, Сумејра Сали- зам.член од МВР, Бранка Минчева Коцевска – член од МИОА, Билјана Стевкова – зам.член од МО, Нермина Факовиќ – чле МЗ, Фатмире Хоџа – член од МЕ, Киро Цветков – член МП, Спасена Крстева –член МФ, Љупка Димитровска – зам.член, Сузана Никодијевиќ Филиповска – член од ГС, Ирена Николов – член ЗЕЛС, Елизабета Гелевска – член ССМ, Марија Савовска – член од Платформа за родова еднаквост, Драгана Дрндаревска – член Маргини, Даниела Димитриевска – член од Македонско женско лоби, Анета Петровска Русомароски – член од Организација на работодавачи на Македонија, Дијана Стојановиќ- експерт и Силвија Митевска - Такт.

На седницата отсуствуваа: Даниела Јаневска, Јорданка Богатиновска, Даниела Јаневска, Мирјана Најчевска, Дивна Змејковска, Неда Малеска - Сачмароска,.

*

* *

На почетокот на седницата се установи дека има кворум за работа и ИРГ може полноправно да работи. Пред да усвои Дневниот ред од страна на **Марија Савовска** беше прашано како заклучоците од четвртата седница ќе постанат полноважни кога на претходната седница немаше кворум. Киро Цвстков по однос на заклучоците образложи дека може да се стават како прва точка на Дневен ред и да се изгласаат со тоа тие стануваат полноважни. При што Јована Тренчевска го даде предлогот на гласање да прва точка на Дневен ред бидат Заклучоците од четвртата седница.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Предлогот едногласно се прифати. Со надополнување на оваа точка, Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

Усвојување на записникот од четвртата седница

1.Усвојување на предлог- заклучоците од 4 седница на ИРГ одржана на 04.10.2018 година

2._Усвојување на предлог- Измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и жените

3.Одлука за формирање на Постојани работни групи на Интер ресорската група

- работна група за родово одговорно буџетирање,
- работна група за унапредување на политиките за родова еднаквост,
- работна група за следење на имплементацијата на Истанбулската Конвенција
- работна група за Резолуцијата 1325

4.Разгледување на стратешките планови и иницијативи за 2019 на министерства

- Препораки и заклучоци

5. Разно

Записникот од 4 –тата сеница на ИРГ едногласно беше усвоен.

По одделните точки од Дневниот ред, Интер ресорската група ги донесе следните заклучоци:

Точка 1

Координаторката на ИРГ ги стави на гласање заклучоците од 4-та седница на ИРГ при што едногласно се усвоија.

Точка 2

Во однос на втората точка Јована Тренчевска информираше дека Работната група за измени и дополнувања на Деловникот за работа на


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Интер ресорската група во состав: Јована Тренчевска, Сузана Никодијевиќ. Виолета Куновска, Спасена Крстева и Драгана Дрндаревска одржа работен состанок на ден 07.12.2018 година и ги предложија следниве измени и дополнувања на Деловникот за работа на интер ресорската група:
-во член 4 во однос на задачите предлага:

- да го промовира концептот за вклучување на родовите аспекти во генералните политики на сите јавни институции;
- да ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области;
- да го следи прогресот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на родовите прашања;
- да учествува во подготовката и дава насоки во процесот на подготовка на Стратегијата за родова еднаквост;
- да ги следи периодичните извештаи од институциите.

- Со додавањето новиот член 4, се поместува нумерацијата на наредните членови така да стариот член 4 станува член 5 итн.

- Членот 15 „ (1) Интер-ресорската група одлучува кога на седницата се присутни повеќе од половината од членовите на Интер-ресорската група.

(2) Интер ресорската група може да расправа и кога на седниците има присуство на помалку од половината од членовите на Интер ресорската група.

(2) Координаторот на Интер-ресорската група ја отвора седницата.

(3)Интер-ресорската група по утврдување на дневниот ред на седницата, што го предлага координаторот на Интер-ресорската група, пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница на Интер-ресорската група.

(4) Членовите на Интер-ресорската група имаат право да дадат забелешки на записникот писмено пред седницата или усно на самата седница. По забелешките на записникот одлучува Интер-ресорската група.

(5) Записникот го потпишуваат координаторот и секретарот на Интер-ресорската група.

Овој член се менува во член 16 и гласи:

(1) Интер-ресорската група може да расправа и одлучува кога на седницата се присутни повеќе од една третина од членовите на Интер-ресорската група.

(2) Координаторот на Интер-ресорската група ја отвора седницата.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

(3)Интер-ресорската група по утврдување на дневниот ред на седницата, што го предлага координаторот на Интер-ресорската група, пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница на Интер-ресорската група.

(4) Членовите на Интер-ресорската група имаат право да дадат забелешки на записникот писмено пред седницата или усно на самата седница. По забелешките на записникот одлучува Интер-ресорската група.

(5) Записникот го потпишуваат координаторот и секретарот на Интер-ресорската група.

По образложувањето на измените и дополнувањата на членовите на Деловникот за работа на интер ресорската група Јована Тренчевска отвори дискусија. Во однос на оваа точка Киро Цветков имаше забелешка на член 4 став 2 и предлага наместо„ прогрес“ да се вметне зборот„ процес“, додека во ставот 3 да се избрише „во подготовка“. Исто така имаше забелешки номотехнички забелешки.

Марија Савовска во однос на оваа точка даде забелешка на членот 16 за ставот околу кворумот. Според неа измените во однос на кворумот се дискутабилни заради малиот број на членови кои ќе одлучуваат за донесување на одлуките.

Во однос на оваа точка за збор се јави Билјана Стевкова која нагласи дека за функционирањето ИРГ има размислувања во деловникот да се наброи кои документи може да се донесат со една половина од членовите, а кои документи со една третина.

Даниела Димитриевска, Сузана Никодиевиќ Филиповска, Киро Цветков во своите дискусии ги поддржаа измените во Деловникот на ИРГ со образложение дека постигнување на кворумот е сериозен проблем со која се соочува ИРГ и се доведува во прашање функционирањето на истата.

На крајот на дискусијата Јована Тренчевска го стави на гласање предлог-измените и дополнувањето на Деловникот. При што 19 гласаа за, и еден глас против.

Во однос на оваа точка се донесе заклучок:

- Се усвоија измените и дополнување на Деловникот за работа на ИРГ
- За да се надмине проблемот со кворумот за работа со која се соочува Интер ресорската група, при што се доведува во прашање и самото


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

функционирање на истата , ќе се побара од Владата на РМ да се донесе одлука за именување на зам. членови на ИРГ.

Точка 3

По оваа точка, координаторката Јована Тренчевска образложи дека согласно Деловникот за работа треба да се донесе одлука за формирање на Постојани работни групи на Интер ресорската група:работна група за родово одговорно буџетирање, работна група за унапредување на политиките за родова еднаквост, работна група за следење на имплементацијата на Истанбулската Конвенција и работна група за Резолуцијата 1325.

Членовите на ИРГ едногласно ја донесоа Одлуката за формирање на постојани работни групи.

При тоа се донесе заклучок:

- Работна група за родово одговорно буџетирање ја сочинува:Фатиме Хоџа, Спасена Крстева, Марин Узунов, Неда Малевска, Ирена Николов, Габриела Маџоска и Јована Тренчевска;
- Работна група за унапредување на политиките за родова еднаквост ја сочинува следниве членови: Даниела Димитриевска, Анета Петровска Русомароски, Мирјана Најчевска, Драгана Дрндаревска, Сузана Никодиевиќ Филиповска, Бранка Минчева Коцевска, Јорданка Богатиновска, Елизабета Гелевска и Марија Савоска;
- Работна група за следење на имплементацијата на Истанбулската конвенција ја сочинуваат следниве членови: Нермина Факовиќ, Јована Тренчевска, Дивна Змејковка, Киро Цветков и Ирена Николов;
- Работна група за Резолуцијата 1325 ја сочинуваат следниве членови: Виолета Куновска, Даниела Јованова, Сумејра Сали, Даниела Јанева и Садате Рамадани.
- Секретарот на ИРГ ќе ја координира работа на работните групи
- На 28 Јануари ќе се одржи работна средба со работните групи каде што ќе се дефинираат насоките за работа и активностите за 2019 година.

Точка 4


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Јована Тренчевска даде информација за оваа точка , при што нагласи дека на 10 Декември 2018 до сите министерства е доставен допис со цел да се потенцира задолжителното вклучување на родовата перспектива во стратешките планови и буџети, а имајќи ги во предвид дадените насоки на Генералниот секретаријат. Исто така имајќи ја во предвид улогата и задачите на ИРГ која се грижи за промовирање на концептот и вклучување на родовите аспекти во генералните политики побарано е од министерствата да ги достават програмите и потпрограмите на стратешките планови и и Инцијатаивите за Годишната програма за работа на Владата во кои е вклучена родовата перспектива.

До одржување на седницата на ИРГ следниве министерства имаа доставено документи:

- Министерство за надворешни работи:
- Министерстово за земјоделство, шумарство и водостопанство:
- Министерство за образование и наука:
- Министерство за култура:
- Министерство за информатичко општество и администрација
- Министерство за економија
- Генерален секретаријат
- Министерство за одбрана
- Министерство за внатрешни работи.

Од анализата на доставените документи повеќето институции ја немаат вклучена родовата перспектива. Она што може да се каже како добар пример на вклучување на родовата перспектива е Предлог – програмата за финасирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2019 година, каде што една од приоритетните цели за кои се предвидува финансиска поддршка на здруженијата и фондациите со оваа програма е„Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите“

По оваа точка се донесе Заклучок:

- оние институции кои немаат доставено програми, подпограми од Стратешки план и Иницијативи за План за работа на Владата на РМ за 2019 да ги достават во најкус можен рок;


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

- препорака до институциите Годишните програми и Стратешките плнови да се усогласат со насоките дадени од страна на Генералниот секретаријат во Упатствата и иницијативите на министерствата да се разгледуваат рамките на работните групи.

Точка 5

По однос на последната точка, Марија Савовска побара информација до каде е процедурата за Извештајот за Стратегијата за родова еднаквост за 2017 година. На ова прашање Јована Тренчевска одговори дека е во владина процедура. Исто така, побарано е Извештајот за ИРГ да се прикачи на веб страната на МТСП. Поставено е прашање дали во Иницијативите на ЕУ директивите стои и Законот на ЕМ, согласно кои Дирекктиви ќе биде усогласен ЗЕМ. Побарано е да се издвојат најбитните закони кои се релевантни за еднаквоста и каде да се интервенира.

Даниела Димитриевска во својата дискусија нагласи дека ќе ги сподели материјалите од истражувањето кое се однесува на апликацијата на Истанбулската конвенција, која дава преглед потребните промени кои треба да се случат, иницијативи за закони, насоки и препораки за подобра имплементација на ИК. Споделените материјали ќе бидат од голема корист при работењето на Работната група за следење имплементација на Истанбулската конвенција.

Јована Тренчевска како координатор на работната група за подготовка на Законот за родово базирано насилство информираше накратко за одржаната прва работилница на работната група.

Седницата заврши во 14:15 часот.

Координатор на ИРГ
Јована Тренчевска

Подготвил: Габриела Маџоска


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk